СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

Број 14/22

Излегува по потреба 30.11.2022 год. среда бр.14 година XXVI
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програмата за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на општина Новаци за сезоната 2022/2023 година

1. Се прогласува, Програмата за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на општина Новаци за сезоната 2022/2023 год., што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.11.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 08-1035/1
29.11.2022
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 и од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 12 и член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, донесе:

ПРОГРАМА

за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на општина Новаци за сезоната 2022/2023 година

Вовед

Појдовна основа за изработка на Програмата за зимско одржување на општинските патишта и улици е член 14 став 4 и член 34 од Законот за Јавни патишта (Сл.Весник на РМ бр.84/2008,124/10,53/11,39/14, 150/15,163/16,174/2021) како и член 34 став 3 точка 2 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04 86/08, 6/04, 124/10, 129/ 15, 106/16, 83/18, 215/21).

Содржина

1. Цел на Програмата
2. Обем, динамика и ниво на одржување
3. Организациска поставеност на службата за зимско одржување и обврски на учесниците
3.1 Претпријатие на кое ќе му биде доверена работата
3.2 Советот на општина Новаци
3.3 Единицата на локална самоуправа
3.4 Надзорен орган
3.5 Други учесници
4. Прилози:

1. Цел на Програмата

Програмата има за цел да предвиди услови за ефикасно спроведување на зимското одржување на локалните патишта и улици на територијата на општина Новаци преку:

- одредување на обемот на работа и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини;
- дефинирање на работите и задолженијата на учесниците во реализацијата на оваа Програма;
- дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на Програмата.

2. Обем, динамика и ниво на одржување

2.1. Обем на одржување

Тргнувајќи од основната цел на Програмата, физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот и тоа:

- локални патишта и улици по соодветен приоритет, по тип на коловоз по кој се одвива сообраќајот, витални локални патишта и улици (од локален пат или улица до објектот) до објекти чие функционирање е од витално значење за општината.

2.2. Ниво и динамика на одржување

Расчистување на коловозните површини се врши по следниот приоритет:

- локални патишта и улици од прв приоритет, по кој се одвива сообраќајот по асфалтиран коловоз и кон објекти кои се од витално значење за општината;
- локални патишта и улици од втор приоритет, по кој се одвива сообраќајот по тампониран или земјен коловоз.

Одстранувањето на подмрзнатиците во услови кога нема врнежи се врши по приоритетот на локалниот пат или улица по кој се одвива сообраќајот.

Дежурствоте се обезбедува континуирано во зимскиот период.

Одговорните дежурни работници одржуваат контакти со сите субјекти, ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани.

Дежурството го спроведуваат вработените од претпријатието на кое ќе му бидат доверени работите, со својата ангажирана механизација и работна сила, и тоа според приоритетноста одредена со оваа Програма.

3. Организациска поставеност на службата за зимско одржување н обврски на учесниците

На подрачјето на општина Новаци, службата за зимско одржување ја организира Единицата на локална самоуправа – Новаци, како носител на сите работи и активности кои се однесуваат на целокупното функционирање на истата.

Преку својот надзорен орган ја следи реализацијата на Програмата и издава налози за работа.

Согласно Законот за јавни набавки се одредува предпријатие кое ќе ја спроведува Програмата и ќе остварува соработка со сите други субјекти задолжени за спроведување на истата.

Функционирањето на службата за зимско одржување се остварува со следната организациска поставеност:

3.1. Претпријатие на кое ќе му бидат доверени работите

Претпријатието(Јавното Претпријатие за комунални дејности ,,Комунална Хигиена,, Новаци) на кое ќе му бидат доверени работите формира тело за организирање и раководење на службата за зимско одржување. Телото ја следи реализацијата на оваа Програма и заедно со стручната служба одлучува за преземање на потребни активности за справување со проблемите предизвикани од временските неприлики.

Претпријатието(Јавното Претпријатие за комунални дејности ,,Комунална Хигиена,, Новаци) ги има следните задолженија:

- организира непрекинато 24 часовно дежурство во текот на целиот зимски период;
- со специјална машина, опрема и работна рака врши чистење на снегот и посипување на песок-ризла на коловозните површини;
- машината и другата потребна опрема ја одржува во исправна состојба за дејствување во зимски услови;
- води комплетна документација за работата на службата за зимско одржување;
- редовно и навремено го информира нарачателот и надзорниот орган за работата на службата за зимско одржување;
- секојдневно изготвува и доставува извештаи за извршената работа на службата за зимско одржување до нарачателот, РЦУК-Битола и подрачното одделение на Министерството за внатрешни работи;
- организира редовно дежурство со потребна опрема и алат, резервни делови и стручен кадар со цел обезбедување исправност на механизацијата и успешно дејствување на службата за зимско одржување;
- за сезоната 2022/2023 година во доволни количини да обезбеди песок- ризла за посипување на коловозните површини.

3.2. Советот на општина Новаци

- ја усвојува оваа Програма;
- го контролира извршувањето на оваа Програма.

3.3. Единицата на локална самоуправа Новаци

- ги координира активностите на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;
- преку локалните средства за јавно информирање и месните заедници врши информирање за работата на службата за зимско одржување.

3.4. Надзорен орган

Надзорниот орган го определува носителот на работите со решение со кое ги определува работните задачи при реализацијата на Програмата за организирање и функционирање на службата за зимско одржување на подрачјето на општина Новаци за сезоната 2022/2023 година.

Надзорниот орган ги врши следните работи:

- ја следи работата на извршителот на работите и за тоа изготвува комплетна техничка документација;

- врши координација со органите и телата на Советот на општина Новаци, со РЦУК-Битола, подрачното одделение на Министерството за внатрешни работи и други учесници, претпријатија, заедници и граѓани;
- дава налог за работа на претпријатието на кое му се доверени работите;
- врши и други работи и работни задачи во врска со реализацијата на Програмата.

3.5. Други учесници

3.5.1. Подрачното одделение на Министерството за внатрешни работи го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатите состојби на регионалните и локалните патишта во општина Новаци и секогаш ќе биде непосредна врска со сите задолжени субјекти како би се овозможило непречено чистење на истите.

3.5.2. Надлежниот општински орган за комунални работи се грижи за спроведување на Одлуката за одржување на комунален ред на подрачјето на општина Новаци, во делот на отстранување на снегот и мразот, преку инспекциските служби.

3.5.3. Државниот хидрометеоролошки завод преку РЦУК-Битола доставува извештаи (дневни, тродневни, неделни и месечни) за временските услови до општина Новаци , претпријатието на кое му е доверена работата и надзорот.

3.5.4. Подрачното одделение на `ЕВН``АД Скопје – КЕЦ Битола, ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електроинсталации.

3.5.5. Подрачното одделение на ``Македонски телекомуникации``АД Скопје ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надвозните ТТ уреди и инсталации.

3.5.6. Претпријатијата и заедниците чии отворени објекти и простории се користат од страна на граѓаните (училишта, амбуланти, железнички премини, бензиски пумпи, гробишта и слични објекти) преземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од овие објекти и простории.

3.5.7. Претпријатијата, заедниците и граѓаните-сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории (стоковни куќи, дуќани, продавници, ресторани и сл.објекти) преземаат мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од пред овие објекти.

3.5.8. Граѓаните го чистат снегот и подмрзнатицата од патеките и приодите пред своите домови.

За сите оние кои нема да ги извршуваат потребните работи ќе се постапува според законот за јавна чистота и Одлуката за комунален ред.

4. Оперативен план со преглед и приоритети на општинските патишта кои се предмет на зимско одржување

4.1 Со оглед на тоа што низ поголемиот дел од населените места транзитираат регионални патишта за кои одржувањето на коловозната конструкција и зимското одржување се во надлежност на ЈП Македонија Пат, чистењето на снегот во зимски услови е насочен на општинските патишта.

Со чистењето на регионалните патишта кои истовремено се транзитни улици низ населените места во општината, опфатени се главните улици на следните населени места:

-**Новаци**-улица, опфатена со регионалниот пат Р-1311 (Битола-Новаци-Маково)

-**Добромири**- улиците опфатена со регионалниот пат Р-2340

-**Маково**-улица, опфатена со регионалниот пат Р-1311 (Битола-Новаци-Маково)

-**Рапеш**-улица, опфатена со регионалниот пат Р-1311 (Маково-Рапеш-Старавина)

-**Гермијан,Бач,Добровени,** улица опфатени со регионалниот пат Р-2338 (Гермијан-Старавина Витолиште)

5.Чистењето на снег во зимски услови на општинските патишта ќе се врши според следниот редослед и приоритет:

реден број (приоритет)	Патен правец	должина во км	
1	Рег.пат Р-2340 Г.Агларци	1	
2	Рег.пат Р-2340 Д.Агларци	0,8	
3	Рег.пат Р-2340 Далбеговци	1	
4	Рег. пат Р-2338-Живојно	6	
5	Новаци-Рибарци	2,5	

6	Рибарци-Гнеотино	4	
7	Гнеотино-Брод	6	
8	Рег.пат Р-2338 Брод	2	
9	Рег.пат Р-1311 Мегленци	1,5	
10	Мегленци-Арматуш	2,5	
11	Рег.пат Р-1311 -Паралово	3	
12	Рег.пат Р-1311 Д.Орехово	2	
13	Д.Орехово-Грумази	5	
14	Грумази-Ивени	7	
15	Маково-Орле	4	
16	Рег.пат Р-1311-Брник	3	
17	Рег.пат Р-1311-Зовиќ	5	
18	Рег.пат Р-1311-Груниште	4	
19	Рег.пат Р-1311-Будимирци	4	
20	Старавина-Градешница	3	
21	Новаци-Тепавци	12	
22	Ново село-Балдовенци	2	
23	Тепавци-Гнилеш	5	
24	Брод- Велесело	4	
25	Брод-Сливица	4	

6.Чистењето на снегот започнува во првите моменти на завртнување односно после наврнување на снег со висина од 5цм, а најдоцна до 6 часа од почетокот на снежните врнежи.

7..При наврнување на поголеми количини на снег на патиштата со дебелина на снежната покривка поголема од 20цм, по наредба на Штабот за заштита и спасување на Општина Новаци во чистењето ќе се вклучи ЈКП “Комунална Хигиена”-Новаци а ќе се побара и помош за вклучување на ЈП “Македонија пат” која ќе биде присутна на терен при чистењето на регионалните патишта.

Во екстремни случаеви ќе бидат вклучени приватните фирми и другите правни лица кои поседуваат градежна механизација, а во краен случај со посебни мерки се вклучува и месното население за рачно расчистување на снегот.

8.Се задолжуваат претпријатијата кои се задолжени со механизација во овој план, да обезбедат исправност на механизацијата во зимскиот период. Доколку констатираат неисправност на механизацијата, за истото навремено да ја информират општината.

9.Посебно внимание во одржувањето на проодноста на патот ќе биде посветено на делницата Р–1311-Маково(м.в.Преслап),Р-2338 -Старавина, Рег. пат Р-2338-Живојно , каде што поради конфигурацијата на теренот можни се наноси од снег кои бараат почеста интервенција.

10.Средствата за зимско одржување се обезбедени од Буџетот на Општина Новаци.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Развоен план за комунални дејности на територијата на општина Новаци за период 2023-2025

1. Се прогласува, Развоен план за комунални дејности на територијата на општина Новаци за период 2023-2025, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.11.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 08-1035/2
29.11.2022
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 и од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 50 и член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, донесе:

РАЗВОЕН ПЛАН ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА ПЕРИОД 2023-2025

Во рамките на овој развоен план согласно Законот за комунални дејности опфатени се следниве комунални дејности:
1.Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување
2.Изградба на канализациони системи
3.План за развој во делот на собирење транспорт и депонирање смет
4. Одведување на отпадни води
5.Изградба и реконструкција на општински патишта и улици
На долниве табели сите горенаведени дејности се прикажани одделно.

Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување							
бр.	***Опис на работите***	***2023***		***2024***		***2025***	
		буџет	***донација***	***буџет***	***донација***	***буџет***	***донација***
1	Изградба на систем за водоснабдување на селата Мегленци и Арматуш		3.000.000,00	1.000.000,00	3.000.000,00	1.000.000,00	3.000.000,00
2	Средства за реконструкција на системи за водоснабдување по месни заедници	1.000.000,00		1.000.000,00		1.000.000,00	
3.	Зафат за наводнување на р. Елешка н.м.Гермијан		2.000.000		2.000.000		4.000.000

	Вкупно:	1.000.000,00	5.000.000,00	2.000.000,00	5.000.000,00	2.000.000.00	7.000.000,00
	Опис на работите	***2023***		***2024***		***2025***	
		буџет	***донација***	***буџет***	***донација***	***буџет***	***донација***
1	Изградба на канализациона мрежа со пречистителна станица во с. Гермијан		5000000		5000000		5000000
2	Изградба на канализациона мрежа со пречистителна станица во с. Добромири		5000000		5000000		6000000
			10.000.000,00		1.000.000,00		11.000.000,00
	Вкупно:						
вкупно:	***Одведување на отпадни води***						
вкупно:	***Опис на работите***	***2023***		***2024***		***2025***	
		буџет	***донација***	***буџет***	***донација***	***буџет***	***донација***
1	Изградба на атмосферска канализација во с. Новаци, Добромири и др.села во општината		3.000.000,00		3.000.000,00		2.000,000,00
	План за развој во делот на собирење транспорт и депонирање смет (ЈКП Комунална хигиена Новаци)						
	Опис на работите	***2023***		***2024***		***2025***	
		буџет	***донација***	***буџет***	***донација***	***буџет***	***донација***
	Набавка на пластични канти за смет		130000	130000			

	Набавка на контејнери за селектирање на	150000			150.000,00		150000
					0		
	Изградба и реконструкција на општински патишта и улици						
	Изградба на улици и патишта	**2023 година**		**2024 година**		**2025 година**	
		Буџет	**донација**	**буџет**	**донација**	**буџет**	**донација**
	Изградба на тротоари во с. Новаци (до манастир Рождество на Пресвета Богородица						
			2.000.000		2.000.000		2.000.000
1	Изготвувачи: 1.Оделение за комунални работи ,сообраќај,заштита на животна средина и ЛЕР 2.ЈКП Комунална хигиена Новаци						

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за животна средина на општина Новаци за 2023 год.

1. Се прогласува, Програма за животна средина на општина Новаци за 2023 год., што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.11.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 08-1035/3
29.11.2022
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 и од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 8 и член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, донесе:

:

ПРОГРАМА

за ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ОПШТИНА НОВАЦИ за 2023 година

I. **СТРАТЕШКА ЦЕЛ** Програмата на Општина Новаци за заштита на животната средина е насочена кон спроведување на активности за заштита на животната средина во надлежност на локалната самоуправа, исполнување на барањата на македонското законодавство за животна средина, обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

II. **ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА** Општа цел на Програмата: - да се обезбедат практични и финансиски изводливи решенија за приоритетните проблеми и активности во областа заштита на животната средина; - прифаќање на еколошката проблематика во останатите секторски програми во насока на одржлив развој на локалната заедница. Специфични цели на Програмата: - Системска контрола на квалитетот на животната средина во општината; - Спроведување на Оцена на влијанието врз животната средина уште во процесот на планирање на проектите за да се превенираат последиците од загадување на животната средина; - Изработка на стратешки документи за заштита на животната средина; - Систематизирано спроведување на постојани подобрувања со постојниот систем за управување со отпадот во општината; - Зголемување на новите зелени површини во општината, уредување на запуштени зелени површини, амортизирање на загадувањето на почвата, воздухот и бучавата, подобрување на визуелниот изглед на урбаната средина, како и активности за пошумување.

III. **ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА** Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на заштитата на животната средина во текот на 2023 година ќе бидат насочени кон:

- Контрола, анализа, следење и информирање за квалитетот на животната средина на територијата на општината и тоа на: влијание врз квалитет на амбиенталниот воздух од поединечни извори, влијание на отпадните

води од поединечни извори врз површинските води и други водотеци, влијание од бучава во животната средина;

- Информирање за состојбата со квалитетот на воздухот, водите и отпадот на територијата на општината преку систематизирање на добиените податоци од државната и локалната мрежа за мониторинг за 2023 г., како и
- Изработка на еколошка проектна документација за планска документација за инсталации, инфраструктурни објекти и други проекти и тоа: Елаборати за животна средина, Студии за оцена на влијание врз животната средина, Стратешки оценки за влијание на животната средина во постапките за донесување на урбанистичка планска документцијa и во согласност со закон.
- Изработка на стратешки документи за животна средина: изработка на Регистер на загадувачи со збир на податоци за изворот, видот, количината, начинот и местото на испуштање, пренесување и одлагање на загадувачките материи и отпадот во животната средина, како и изработка на Катастар за животната средина на територијата на Општина Новаци како квалитетивна евиденција на загадувачите и изворите на загадување кои испуштаат загадувачки материи и супстанции во медиумите на животната средина, во која е вклучена и картата на загадувачи.
- Интервенција во системот за управување со отпад, преку донесување на Годишна Програма за управување со отпад како законска обврска на општината согласно Законот за управување со отпадот, во која ќе бидат планирани активности во врска со имплементација на 3Р – реупотреба, редуцирање, рециклирање, набавка на нови садови за отпад за проширување на опслуженото подрачје, постапување со електронски и електричен отпад, отпадни батерии и акумулатори, санација на диви депонии на територијата на општината, печатење на пропаганден материјал за подигнување на јавната свест на граѓаните за селектирање на отпадот.
- Спроведување на активности за подигнување на нови зелени површини и уредување на запуштени зелени површини во општината согласно Предлог-Програмата на ЈКП Комунална хигиена за подигнување на нови зелени површини; Набавка на саден материјал за пролетно и есенско хортикултурно уредување на општината: цветен расад и декоративни садници.
- Одбележување на денови од ЕКО календарот. Потребно е да се воспостави пракса за обележување на најважните денови од Еко

календарот (Ден на Планетата Земја, Ден на заштита на водите, Ден на екологија, Ден за борба против пушењето, Ден на дрвото и слично).

- Подигање на еколошката свест во основните училишта. Потребна е сеопфатна едукација на децата од основните училишта за нивната улога и одговорност во зачувување на животната средина во која живеат и растат. Да им се развие свеста за штетноста на загадената средина, односно предноста од чистата вода за пиење, чистиот воздух што го дишат, здрава почва, соодветното складирање на отпад и слично.
- Користење на мерки за намалувње на прашината при градежни активности (прскање, миење на гуми пред излезс од градилиште итн.)
-

Предвидените активности во Програмата за животна средина за 2023 година:

Воздух

- Замена на печките кои користат огревно дрво со клима уреди, преку мерки за субвенционирање на домаќинствата ;
- Субвенционирање на домаќинствата за изработка на енергетско-ефикасни фасади;
- Континуирано информирање на домаќинствата за редовно чистење на оџаците бидејќи неисчистениот оџак е дупло поголем загадувач.
- Изградба на велосипедски и пешачки патеки и стимулирање на здрави навики – продолжување на субвенционирањето на жителите на општината за купување на велосипеди.
- Стимулирање на користење на фотоволтаични системи во јавни , деловни ,комерцијални, индустриски и стамбени објекти на подрачјето на општина Новаци .

Отпад

- Акција за чистење на диви депонии (на повеќе локации низ општината има доста диви депонии и истите треба да се исчистат со користење на механизацијата со која располага ЈПКД„Комунална хигиена “Новаци или преку јавна набавка

Вода

- Изградба на пречистителни станици во две села на подрачјето на општината

-Уредување на канали и собирање на растителни остатоци и нивна употреба за горење

-Унапредување на системот за управување со отпад

Почва

- Акција за нови зелени површини низ скоро сите населени места со подигнување на свеста на локалното население за пошумување на голите површини уништени од пожари итн

- Субвенционирање од страна на општината за еколошко органско производство на земјоделски производи

Приходи за реализација на оваа програма:

- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Буџет на Општина Новаци
- Други извори

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Новаци", а ќе започне да се применува од 01.01.2023 година.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за пренамена на средства во Буџетотна Општина Новаци за 2022 година

1. Се прогласува, Одлука за пренамена на средства во Буџетот на Општина Новаци за 2022 год., што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.11.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 08-1035/4
29.11.2022
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а во врска со член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ" бр. 54/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15), Советот на општина Новаци,на ден 24.11.2022,ја донесе следнава:

О Д Л У К А

За пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2022 година

Член 1

Со оваа одлука се врши пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци во делот на Основен Буџет за 2022 година и тоа на следниот начин:

Потпрограма	**Буџет**	**Донации**	**Самоф.**	**Дотации**	**Кредити**
Потставка					
ЈИ0 Изградна на системи за одведување и пречистување на отпадни води					
482320 Изградба на преч.станици и колектори	-90.000,00				
Е0 Општинска администрација					
427110 Привремени вработувања	90.000,00				

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,, и станува составен дел на Буџетот на општината за 2022 година.

Претседател на Совет
на општина Новаци

_____

Славица Стојковска Најдовска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци
- измена ноември 2022г.

1. Се прогласува, Годишен план за јавни набавки на општина Новаци - измена ноември 2022г., што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.11.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 08-1035/5
29.11.2022
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 и од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 50 и член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр.07 /2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 24.11.2022 год., донесе:

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ОПШТИНА НОВАЦИ 2022 ГОДИНА - ИЗМЕНА НОЕМВРИ 2022

Бр.	Предмет на договорот за јавна набавка - рамковната спогодба	Шифра според ОПЈН	Очекуван почеток на постапката - месец	Проценета вредност на договорот /рамковната спогодба без ДДВ-ден.	Вид на постапка
И	**Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи**				
1	Санација на тоалети во внатрешноста на ОУ„Славко Лумбарковски“ Новаци		11 месец	1.000.000,00	Набавка од мала вредност

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за формирање на Комисија за попис за 2022г.

1. Се прогласува, Одлука за формирање на Комисија за попис за 2022г., што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.11.2022 год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 08-1035/6 Општина Новаци
29.11.2022 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 и од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за формирање на Комисија за попис за 2022г.

Член 1

Со оваа Одлука се формира Комисија за попис за 2022г. при Советот на Општина Новаци во состав од 5 (пет) члена :

1. Игорче Ристевски - општинска администрација
2. Благојче Николовски - општинска администрација
3. Гоце Талевски - општинска администрација
4. Сања Јанакиевска -општинска администрација
5. Иванчо Котевски-советник во Советот на општина Новаци

Член 2

Задача на Комисијата за попис е да изврши попис на основните средства и ситниот инвентар во сопственост на Општина Новаци.

Работите од член 1 да се извршат со состојба на 31.12.2022 година.

Член 3

Мандатот на членовите на Комисијата за попис трае до 31.12.2023 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Новаци”.

Бр. 14-1010/9 Совет на општина Новаци
24.11.2022 Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување набавка на два електрични бојлери за потребите на болничкиот оддел за Неврологија, ЈЗУ Клиничка Болница „Др. Трифун Пановски“ Битола

1. Се прогласува, Одлука за одобрување набавка на два електрични бојлери за потребите на болничкиот оддел за Неврологија, ЈЗУ Клиничка Болница „Др. Трифун Пановски“– Битола, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.11.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 08-1035/7 Општина Новаци
29.11.2022 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 и од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, донесе:

ОДЛУКА
за одобрување набавка на два електрични бојлери за потребите на болничкиот оддел за Неврологија, ЈЗУ Клиничка Болница „Др. Трифун Пановски“ - Битола

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува да се набават 2 (два) електрични бојлери со капацитет од 80 литри за потребите на болничкиот оддел за Неврологија, ЈЗУ Клиничка Болница „Др.Трифун Пановски“ – Битола.

Член 2

Електричните бојлери ќе се набават согласно постоечкиот Законот за јавни набави.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа Одлука, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2022 год.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник” на општина Новаци.

Бр. 14-1010/10 Совет на општина Новаци
24.11.2022 Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на КУД „Новаци“- Новаци

1. Се прогласува, Одлука за одобрување на финансиски средства на КУД „Новаци“- Новаци, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.11.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 08-1035/8 Општина Новаци
29.11.2022 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 и од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства
на КУД „Новаци“- Новаци

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на КУД “Новаци“- Новаци, за превоз на следните дестинации:
1.Битола – Струга,
2.Битола – Охрид,
3.Битола – Витолиште,
4.Битола – Конче,
предвидени во Програмата за работа на КУД „Новаци“ – Новаци за 2022 год.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на општина Новаци да исплати сума од 45.350,00 ден. од Буџетот на општина Новаци за 2022 год.

Член 3

Средствата ќе се исплатат со посебно Решение донесено од Градоначалникот на општина Новаци на:
име: КУД “Новаци“- Новаци
ж-сметка: 500000000126903
едб: 4002999140162,
депонент: Стопанска банка АД Битола.

Член 4

За начинот на користење на одобрените финансиски средства да се достави Извештај за искористени финасиски средства.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 14-1010/11 Совет на општина Новаци
24.11.2022 Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Николче Мицевски

1. Се прогласува, Одлука за одобрување на финансиски средства на Николче Мицевски, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.11.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 08-1035/9 Општина Новаци
29.11.2022 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 и од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на Николче Мицевски

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на Николче Мицевски од Битола, за поддршка за промоција на солистички албум со инструментална музика „ NEW ERA“.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на општина Новаци, да исплати сума во вкупен износ од 60 000,00 ден. од Буџетот на општина Новаци за 2022г.

Член 3

Средствата ќе се исплатат со посебно Решение донесено од Градоначалникот на општина Новаци на:
име: Николче Мицевски
ембг: 0907980410019
ж-сметка: 270700041501884
депонент: Халк банка.

Член 4

За начинот на користење на одобрените финансиски средства да се достави Извештај за искористени финасиски средства.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 14-1010/12 Совет на општина Новаци
24.11.2022 Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на изведба на градежни работи во село Сливица

1. Се прогласува, Одлука за одобрување на изведба на градежни работи во село Сливица, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.11.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 08-1035/10 Општина Новаци
29.11.2022 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 и од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, донесе:

ОДЛУКА
за одобрување на изведба на градежни работи во село Сливица

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува изведба на градежни работи во село Сливица и тоа:

- Рамнење на терен на парцелата каде што ќе се гради помошен објект (сала) во близина на манастирот „Св.Недела“
- Ископ на канал во должина од 50 м. за одвод на атмосверска вода
- Санација на локален полски пат од село Сливица до село Брод.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на општина Новаци за 2022год.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Новаци“

Бр. 14-1010/13 Совет на општина Новаци
24.11.2022 Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на Барање од Благоја Дојчиновски од с. Новаци

1. Се прогласува, Одлука за одобрување на Барање од Благоја Дојчиновски од с. Новаци, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.11.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 08-1035/11
29.11.2022
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 и од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, донесе:

ОДЛУКА
за одобрување на Барање од Благоја Дојчиновски од с.Новаци

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува тампонирање на патот што води до семејната куќа на Благоја Дојчиновски од с.Новаци.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на општина Новаци за 2022 год.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 14-1010/14
24.11.2022
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош
на Доста Трајковска од с. Велесело

1. Се прогласува, Одлука за доделување на еднократна парична помош на Доста Трајковска од с. Велесело, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.11.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 08-1035/12 Општина Новаци
29.11.2022 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 и од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош
на Доста Трајковска од с.Велесело

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна парична помош на Доста Трајковска од с.Велесело, како лице во домаќинство во социјален ризик.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 20.000,00 денари, од Буџетот на општина Новаци за 2022 год.

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на :
име: Доста Трајковска
трансакциска сметка: 240157113689496
ембг: 2711933415008
депонент: УНИ Банка

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 14-1010/15 Совет на општина Новаци
24.11.2022 Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош
на Целе Тодорчески од с. Добромири

1. Се прогласува, Одлука за доделување на еднократна парична помош на Целе Тодорчески од с. Добромири, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.11.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 08-1035/13 Општина Новаци
29.11.2022 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 и од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош
на Целе Тодорчески од с. Добромири

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна парична помош на Целе Тодорчески од с.Добромири, за лекување.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 20.000,00 денари, од Буџетот на општина Новаци за 2022 год.

Член 3

Средствата да се префрлат на:
име: Целе Тодорчески
трансакциска сметка : 200000271360014
ембг: 2801952410016
депонент: Стопанска банка АД Скопје.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци “.

Бр. 14-1010/16 Совет на општина Новаци
24.11.2022 Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош
на Мише Ѓорѓиевски од с. Добромири

1. Се прогласува, Одлука за доделување на еднократна парична помош на Мише Ѓорѓиевски од с. Добромири, што Советот на општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.11.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр. 08-1035/14 Општина Новаци
29.11.2022 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 и од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош
на Мише Ѓорѓиевски од с.Добромири

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна парична помош на Мише Ѓорѓиевски од с.Добромири, за лекување.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 20.000,00 денари, од Буџетот на општина Новаци за 2022 год.

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на:
име: Мише Ѓоргиевски
трансакциска сметка: 500600000680646
ембг: 0106954410032
депонент: Стопанска банка АД Битола

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци “.

Бр. 14-1010/17 Совет на општина Новаци
24.11.2022 Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојков

С О Д Р Ж И Н А :

1. Заклучок за прогласување на Програмата за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на општина Новаци за сезоната 2022/2023 година
2. Заклучок за прогласување на Развоен план за комунални дејности на територијата на општина Новаци за период 2023-2025
3. Заклучок за прогласување на Програма за животна средина на општина Новаци за 2023 год.
4. Заклучок за прогласување на Одлука за пренамена на средства во Буџетот на Општина Новаци за 2022 година
5. Заклучок за прогласување на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци - измена ноември 2022г.
6. Заклучок за прогласување на Одлука за формирањена Комисија за попис за 2022г.
7. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување набавка на два електрични бојлери за потребитена болничкиот оддел за Неврологија, ЈЗУ Клиничка Болница„Др. Трифун Пановски“ – Битола
8. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средствана КУД „Новаци“-Новаци
9. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Николче Мицевски
10. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на изведба на градежни работи во село Сливица
11. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на Барање од Благоја Дојчиновски од с. Новаци
12. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Доста Трајковска од с. Велесело
13. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Целе Тодорчески од с. Добромири
14. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Мише Ѓорѓиевски од с. Добромири

Издава : Совет на општина Новаци
Печати : Совет на општина Новаци

Тираж: 20 примероци

Редакција:
Ангелевски Стевче - секретар

Редакциски одбор:
Јовановска Летка
Лозановска Николина